# Број 15

# 02.12.2022 година

Службен гласник на општина Делчево

Излегува по потреба

Уредува

Одделение за правни и општи работи

ДЕКЕМВРИ 2022

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден **02.12.2022** година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ АКТИ ОД 16. СЕДНИЦА**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

I

Да се објават во „Сл.гласник на општина Делчево“, актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на **16. седница**, одржана на **30.11.2022** година и тоа:

1.**Одлука** за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Општина Штип, Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново-Облешево;
2.**Одлука** за формирање на заедничка комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу општина Општина Штип, Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново-Облешево;
3.**Решение** за именување на членови на заедничка комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу општина Општина Штип, Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново-Облешево;
4. **Заклучок** за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на општина Делчево за квартал 3 од 01.01.2022 до 30.09.2022 ;
5. **Програма** за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2022 година;
6.**Одлука** за задолжување со комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување;
7.**Одлука** за формирање на Локален совет за превенција;
8.**Одлука** за формирање на Совет за јавно здравје на Општина Делчево;
9.**Одлука** за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите;
10.**Одлука** за формирање на Совет за заштита на потрошувачите
11.**Одлука** за одобрување на финансиски средства за печатење на книга „Дејноста на МРО во Пијанец од создавањето до крајот на Илинденското востание“.
12. **Заклучок** за усвојување на План на Програми за развој на Општина Делчево за 2023 година;
13.**Одлука** за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година;
14.**Заклучок** во врска со барање бр.25-2382/1 од 17/11.2022 на МЗ с.Вирче;
15.**Одлука** за одобрување на финансиски средства на НВО„КХАМ“;
16.**Одлука** за одобрување на финансиски средства на на Кик -боксинг клуб „АС“ од Делчево;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 08- 2540/1 — ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
02.12.2022 год. — Градоначалник,
Делчево — Горан Трајковски,с.р.

1.

Врз основа на член 14 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 4 став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка (Службен весник на РМ'' бр.79/09) и член 22 став 1 точка 46 од Статутот на Општината Делчево(„Службен гласник на Општина Делчево бр.15/2013 и 2/2019), Советот на Општина Делчево на својата 16-та седница, одржана на ден 30.11.2022 година, донесе

О Д Л У К А

за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип, Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново-Облешево

Член 1

Се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип, Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново-Облешево заради заедничко вршење на работите од надлежност на општините во рамките на проектот „Дигитализација на општинските услуги во Источен плански регион“.

Член 2

Меѓуопштинската соработка од член 1 на оваа Одлука ќе се остварува преку склучување на договор за вршење на определени работи од страна на една општина за една или повеќе други општини.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 – 2488/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.11.2022 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов, с.р.**

2. Врз основа на член 14 став 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка (Службен весник на РМ'' бр.79/09) и член 22 став 1 точка 46 од Статутот на Општината Делчево(„Службен гласник на Општина Делчево бр.15/2013 и 2/2019), Советот на Општина Делчево на својата 16-та седница, одржана на ден 30.11.2022 година, донесе:

## О Д Л У К А

за формирање на заедничка комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип и Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново-Облешево

### Член 1

Се формира заедничка комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип и Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново-Облешево.

### Член 2

Заедничката комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип и Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново-Облешево ќе изготви предлог акти за основање или формирање облици преку кои ќе се остварува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип и Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново-Облешево.

### Член 3

Заедничката комисија е составена од 22 члена, од кои по 2 члена од секоја општина кои воспоставуваат меѓуопштинска соработка.

Комисијата од своите редови избира претседател, кој ја кординира работата на комисијата.

Во работата на комисијата можат да учествуваат и стручни лица од областите во кои се воспоставува меѓуопштинската соработка.

### Член 4

Комисијата од член 1 на оваа Одлука, предлозите на актите ги подготвува врз основа на претходно направена анализа.

### Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 - 2489/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**2022 година** — **Претседател,**
**Делчево** — **Гоце Попов, с.р.**

3. Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка (Службен весник на РМ'' бр.79/09) и член 22 став 1 точка 45 од Статутот на Општината Делчево („Службен гласник на Општина Делчево бр.15/2013 и 2/2019), Советот на Општина Делчево на својата 16-та седница, одржана на ден 30.11.2022 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за именување на членови на заедничка комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип и Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина

Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново-Облешево

1. За членови на заедничката комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип и Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Пробиштип и Општина Чешиново-Облешево, од редот на вработените од општинската администрација на Општина Делчево, се именуваат:

- Влатко Мицевски
- Ивана Ивановска

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 -2490/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.11.2022 година Претседател
Делчево Гоце Попов ,с.р.

4. Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 16. редовна седница, одржана на ден 30.11.2022 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

за усвојување на Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на општина Делчево

за периодот 01.01.2022 до 30.09.2022

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на општина Делчево за периодот 01.01.2022 до 30.09.2022.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 2491/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.11.2022 год. Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

5. Врз основа на член 40 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ( Сл. весник на РСМ бр.32/2020) и член 36 став 6 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ,, број 5/2002), Советот на Општина Делчево на 16. седница одржана на ден 30.11.2022 година, донесе

Програма за дополнување на
Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето
на Општина Делчево за 2022

I. Во **Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2022 г бр. 09-2544/1 од 28,12,2021 се врши следната дополна:**

Во поглавјето ,, ***<u>Урбанистички планови за град Делчево,,</u>*** по точката 26 се додават нови точки и тоа:

- Точка 27, која гласи Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за намена Е1.13 површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на опфат КП бр.1538
  КО Очипала- Општина Делчево;
- Точка 28, која гласи Покренување на иницијатива за утврдување на потреба за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за намена Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични централи на опфат КП бр.4183 КО Ветрен, Општина Делчево;
- Точка 29, која гласи Покренување на иницијатива за утврдување на потреба за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за намена Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични централи на опфат КП бр.4163, КП бр.4164, КП бр.4162, КП бр.4167, КП бр.4168, КП бр.4170, КП бр.4172, КП бр.4173, КП бр.4165, КП бр.4166, КП бр.4169 и КП бр.4171 КО Ветрен, Општина Делчево;
- Точка 30, која гласи Покренување на иницијатива за утврдување на потреба за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за намена Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични централи на опфат КП бр.4461, КП бр.4462 и КП бр.4453 КО Ветрен, Општина Делчево;
- Точка 31, која гласи Покренување на иницијатива за утврдување на потреба за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за намена Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични централи на опфат КП бр.4826, КП бр.4815 и КП бр.4829 КО Габрово, Општина Делчево;
- Точка 32, која гласи Покренување на иницијатива за утврдување на потреба за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за намена Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични централи на опфат КП бр.5403 и КП бр.4832 КО Габрово, Општина Делчево;
- Точка 33, која гласи Покренување на иницијатива за утврдување на потреба за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за намена Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични централи на опфат КП бр.1739 и КП бр.1736 КО Делчево, Општина Делчево;
- Точка 34, која гласи Покренување на иницијатива за утврдување на потреба за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за намена Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични централи на опфат КП бр.1753/1 КО Делчево, Општина Делчево;
- Точка 35, која гласи Покренување на иницијатива за утврдување на потреба за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за намена Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични централи на опфат КП бр.1834/4 и КП бр.1834/1 КО Делчево, Општина Делчево.

II. Програмата за дополнување на Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2022 година стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Делчево,,.

Број 09-2492/1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.11.2022 — Претседател,
Делчево — Гоце Попов,с.р.

6.Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 15 став 1 точка 4 од Статутот на Општината Делчево („Службен гласник на Општина Делчево бр.15/2013 и 2/2019), а согласно член 3, став 1 точка 10 и член 20 тарифен број 10 од Законот за комуналните такси („Службен весник на РМ“ бр.61/04 64/2005; 92/2007; 123/2012; 154/2015; 192/2015; 23/2016 и Службен весник на РСМ 151/2021), Советот на Општина Делчево на својата 16-та седница, одржана на ден 30.11.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за задолжување со комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување**

**Член 1**

Со комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување се задолжува сите иматели на броило од категоријата домаќинство и сите иматели на броило од категоријата останата потрошувачка регистрирани во трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија на територијата на Општина Делчево, вклучувајќи ги сите населени места.

**Член 2**

Со денот на влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлука за ослободување од плаќање на комунална такса за јавно осветлување на иматели на електрични броила за мерење на електрична енергија бр.09-370/1 од 10.02.2020година, Одлука за општо ослободување од плаќање на комунална такса за јавно ослободување на иматели на електрични броила за мерење на електрична енергија бр.09-744/1 од 14.04.2020 година и Одлука за определување на населени места во општина Делчево во кои обврзниците се ослободуваат од плаќање на комунална такса за јавно осветлување бр.09-390/1 од 26.02.2019 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Член 4**

Одлуката ќе почне да се применува од 01.01.2023 година

Бр. 09 – 2495/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.11.2022 година Претседател
Делчево Гоце Попов,с.р.

7.Врз основа на член 36, став 1, точка 14 и член 62, став 1 од Законот за локалната самоуправа (,, Сл.весник на РМ,, бр.5/2002) и член 53 од Статутот ан Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево „Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2022), а во врска со член 11 став 3 од Законот за полиција (,, Сл.весник на РМ,, бр.114/2006, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16 I 120/16), Советот на Општина Делчево, на својата 16.седница, одржана на ден 30.11. 2022 година, донесе

ОДЛУКА
за формирање на Локален Совет за Превенција

Член 1

Се формира Локален Совет за Превенција како советодавно и координативно тело, заради остварување на соработка и зацврстување на влијанието на јавноста во работата на полицијата.

Член 2

Целта на Локалниот Совет за Превенција се состои во изградба на заеднички препораки за подобрување на јавната безбедност на подрачјето на општина Делчево, како и градење на доверба и партнерски односи во превенирањето на појавите што влијаат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Член 3

Локалниот Совет за Превенција е составен од претставници на локалната и централната власт, како и други владини и невладини организации.

Член 4

Со Локалниот Совет за Превенција заседава Градоначалникот на Општина Делчево.
Претставници во Советот од член 1 на оваа одлука се:
1.Градоначалник на Општина-претседател
2.Полициска станица - Делчево-командир;
3.Основно јавно обвинителство-Делчево-Јавен обвинител
4.Полициска станица од Општа надлежност-Делчево-Инспектор по превенција;
5.Гоце Попов, Претседател на Советот на Општина Делчево
6. Кирил Тренчевски, член на Советот на Општина Делчево;
7. Дејан Георгиевски, член на Советот на Општина Делчево;
8. Сунчица Ѓорѓиева, член на Советот на Општина Делчево
9. Сашко Ивановски, член на Советот на Општина Делчево;
10. Иван Гоцевски, член на Советот на Општина Делчево;
11. Ели Ризова Ангеловска,член на Советот на Општина Делчево;
12.Кире Цоневски-Виш соработник за превенција и справување со кризна состојба, заштита и спасување;
13.ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев“-Делчево-Директор;
14.ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Делчево-Директор;
15.Оддление за урбанизам, уредување на градежно земјиште и заштита на животна средина-Раководител;
16.ТППЕ Делчево-Командир;
17.ЈПКД „Брегалница“-Делчево-Директор

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во“Сл.гласник на Општина Делчево”.

Број 09-2496/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.11. 2022 година Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов, с.р.

8. Врз основа на член 18 од Законот за јавно здравје („Сл.весник на РМ“ бр.22/2010,136/11, 144/14, 149/15 и 37/16 и 236/22), и член 36 од Законот за локална самоуправа „Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), а согласно Советот на Општина Делчево, на својата 16.редовна седница, одржана на ден 30.11. 2022 година, донесе

ОДЛУКА

за формирање на Совет за јавно здравје на Општина Делчево

Член 1

Се формира Совет за јавно здравје на Општина Делчево, составен од 5 члена, од кои 4 члена-претставници на Општината (администрација и Совет на Општина) и 1 член-претставник на Центарот за јавно здравје Кочани, РЕ Делчево.

Член 2

За членови на Советот за јавно здравје се избираат:

1. Тони Стоименовски, претставник на Општината
2. Даниела Такева , претставник на Општина
3. Бојана Гоцевска , претставник на Советот на Општината
4. Стефанија Атанасова Јовановски, претставник на Советот на Општината
5. Иван Никовски, претставник на Центарот за јавно здравје Кочани, РЕ Делчево

Член 3

Советот за јавно здравје на Општина Делчево има задача да ги проучува прашањата и политиките во областа на јавното здравје, да изготвува мислења, да дава иницијативи и/или предлози до органите на единиците на локалната самоуправа.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09-2497/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

30.11. 2022 год. Претседател,

Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

9.
Врз основа на член 39, 40, 41 и 42 од Законот за заштита на правата на пациентите („Сл.весник на РМ“ бр. 82/08,12/09, 53/11, 150/15 и 190/19) и член 36 од Законот за локалната самоуправа („ Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), а согласно член 72, 73 и 74 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 16.седница, одржана на ден 30.11.2022 година, донесе

ОДЛУКА
за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите
во општина Делчево

Член 1
Се формира Комисија за унапредување на правата на пациентите во општина Делчево.

Член 2
Комисијата се сотои од 9 девет члена и тоа: двајца претставници на пациентите - членови на здруженијата на пациенти, двајца претставници од невладините организации што се занимаваат со човечките права и граѓанските иницијативи, двајца лекари од општината и тројца членови делегирани од советот на општина Делчево.

Член 3
За членови на Комисија за унапредување на правата на пациентите во општина Делчево се избираат:

1. Лидија Дамјанова-Здружение на пациенти дијабетичари
2. Ермина Реџепова -Здружение на пациенти
3. Виолета Арсова, примариус доктор во пензија
4. Тонкица Петровска, примариус доктор во пензија
5. Бети Толевска-ЗГ „КХАМ“,-Делчево
6. Александар Николовски, ЗГ „Бравура кооператива
7. Зекир Абдулов, член на Советот на Општина Делчево
8. Јасмина Ќурчиска, член на Советот на Општина Делчево
9. Тони Стаменковски , член на Советот на Општина Делчево

Член 4
Членовите на комисијата не смеат да бидат вработени во здравствени установи во кои се укажува здравствена заштита. Мандатот на членовите на комисијата изнесува две години, со право на уште еден последователен избор.

Член 5
Комисијата за заштита на правата на пациентите ги врши следните работи:
1) унапредување на правата на пациентите и нивната заштита;
2) ја следи и проценува состојбата со заштитата на правата на пациентите;
3) предлага мерки за подобрување на заштитата на правата на пациентите до надлежните органи;
4) соработува со надлежните органи;
5) разгледува поплаки од пациенти и предлага преземање на мерки до надлежни органи;
6) бара стручна експертиза ако оцени дека е тоа неопходно за утврдување на состојбата;
7) води евиденција за поединечни поплаки на пациентите, како и на мерките преземени за заштита на правата на пациентите;
8) подготвува и поднесува годишен извештај за заштита на правата на пациентите пред советот на општината, односно градот Скопје;

9) издава информации, промотивен и друг материјал со цел за унапредување на правата на пациентите и
10) врши и други работи пропишани со закон.
Комисијата донесува деловник за својата работа со кој поблиску се уредува начинот на работа.

Член 6

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09-2498/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.11.2022 година Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

**10.** Врз основа на член 175 од Законот за заштита на потрошувачите ("Сл.весник на РМ" бр. 236/22), член 56 од Статутот на Општина Делчево, („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2022), Советот на Општина Делчево, на својата 16.редовна седница одржана на ден 30.11.2022 година, донесе

О Д Л У К А

за формирање на Совет за заштита на потрошувачите на општина Делчево

Член 1

Се формира Совет за заштита на потрошувачите на општина Делчево од 9 члена во следниов состав:
1. Гоце Попов, претседател (Совет на Општина)
2. Марио Скакарски, член (Совет на Општина)
3. Оливера Ташевска ,член (Совет на Општина)
4.Сребран Ѓорѓиевски,член Здружение на потрошувачи, здружение на граѓани
5.Розета Такева, член, НВО КХАМ
6. Виктор Колевски,член-ЈПКД „Брегалница“-Делчево
7. Ѓоко Петровски ,член - УЗ Први Реон
8. Љупчо Димитровски ,член – МЗ с. Драмче
9.Митра Илиевска,член - Државна пазарна инспекција

Член 2

Членовите на советите за заштита на потрошувачите на општините, односно градот Скопје се избираат од редовите на советниците, здруженијата на потрошувачи и од други здруженија на граѓани, јавните претпријатија, стопанските комори и од државните органи на инспекцискиот надзор кои имаат надлежности поврзани со заштита на потрошувачите.

Член 3

Советот за заштита на потрошувачите има задача да предложи локални двегодишни програми за заштита на потрошувачите, во согласност со Програмата за заштита на потрошувачите на Владата на РМ.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во

"Сл.гласник на Општина Делчево".

Број 09-2499 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.11. 2022 год. Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

11. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање 09-1911/1 од 14.09.2022 година, Советот на Општина Делчево на својата 16.седница, одржана на ден 30.11.2022 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување на финансиски средства за
печатење на книга
„Дејноста на МРО во Пијанец од создавањето до крајот на Илинденското востание“.

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во износ од 10.000 денари.
Средствата ќе бидат наменети за печатење на книга „Дејноста на МРО во Пијанец од создавањето до крајот на Илинденското востание“.

Член 2

Средствата ќе бидат исплатени на име **Спириндон Митевски** на трансакциска сметка 200001370099675, Стопанска банка АД Скопје.

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 – 2500/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.11.2022 година Претседател,
Делчево Гоце Попов,с.р.

12.
Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21-б став 2 од Законот за буџетите-Пречистен текст („Службен весник на РМ“. бр.64/05,

(Службен весник на Република Македонија бр.64/05, 04/08, 103/08, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10 156/09, 95/10, 180/11и 171/12), Советот на општина Делчево, на својата 16.редовна седница, одржана на ден 30.11. 2022 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
за усвојување на Предлог-Планот
на програмата за равој на општина Делчево за 2023

1.Се усвојува Предлог-Планот на програмата за развој на општина Делчево за 2023 и тоа:

Изградба на улици Нов пазар во Делчево
- Изградба на Улица 6.1 ;
-Изградба на тротоар на улица 4

2.Одобрениот план на програмите за развој ќе биде составен дел на Буџетот на општина Делчево за 2023 година.

3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 2501/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.11.2021 год. Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

**13.** Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.61/04, бр.96/04, бр.67/07, бр.156/09, бр.47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Р.С.Македонија“ 244/19, 53/21, 77/21, 150/21) и член 22 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Делчево, Советот на Општина Делчево на 16. редовна седница одржана на 30.11.2022 година, донесе

О Д Л У К А

За изменување на Одлуката

за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година

Член 1

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година бр. 09-2536/1 од 28.12.2021,( „Службен гласник на Општина Делчево“ бр.14 /2021 година) , членот 15 се менува и гласи:

„ Вработените во општинската администрација имаат право на патни трошоци во случаите кога се упатени на пат врз основа на уредни и веродостојни документи“.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општината Делчево”.

Бр.09- 2502 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

30.11.2022 Претседател,

Делчево Гоце Попов,с.р.

14. Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), а согласно Барањето на Месната заедница с. Вирче број 25-2382 од 17.11.2022 година, а согласно член 145 од Деловникот, Советот на Општина Делчево, на својата 16.редовна седница, одржана на ден 30.11.2022 година го донесе следниот

ЗАКЛУЧОК

во врска со Барање бр.25-2382/1 од 17.11.2022 на МЗ с.Вирче

Во врска со барањето на Месната заедница с. Вирче број 25-2382 од 17.11.2022 година, а кое се однесува на проблемот со водоснабдувањето во с. Вирче, Советот на Општина Делчево го заклучи следното:

1.Секторот за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај и заштита на животната средина да направи увид во целокупната документација во врска со водоснабдувањето во с. Вирче и заедно со надлежните служби во ЈКП „Брегалница“-Делчево и во соработка со ЕВН-КЕЦ Делчево, да направат увид на лице место за утврдување на фактичката состојба;
2. За извршениот увид, да изготви Извештај и да предложи предлог-мерки за решавање на проблемот со водоснабдувањето во с. Вирче (вид на активности, изведувач на активностите и рок за санирање на оштетувањата на водоводната линија);
3. ЈКП „Брегалница“ доколку има услови и потреба да изврши приклучок на водоводната линија;
4. Општина Делчево да побара од ЕВН Макдонија-КЕЦ Делчево поставување на трафостаница;
5. Општина Делчево да го извести Советот на Општина Делчево за сите преземени активности и мерки;
6.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Делчево“.

Заклучокот да се достави до:

- Градоначалникот;
- Подносителот на барањето;
- Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности и сообраќај;
- ЈКП „Брегалница“-Делчево
- Совет на Општина Делчево.

Број 09-2503/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.11.2022 година Претседател,
Делчево Гоце Попов, с.р.

15.Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање УП1 09-2355/1 од 11.11.2022 година, Советот на Општина Делчево на својата 16.седница, одржана на ден 30.08.2022 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување на финансиски средства
на НВО„КХАМ“-Делчево

Член 1
Се одобруваат финансиски средства во износ од 60.000 денари на НВО „КХАМ“-Делчево.

Член 2

Средствата ќе бидат наменети за реализација на проектот „Да подариме насмевка на секое дете“.
Средствата ќе исплатени од Буџетот на општината на име НВО КХАМ-на трансакциска сметка 2000000341790909,Стопанска банка АД Скопје.

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 – 2504 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.11.2022 година Претседател,
Делчево Гоце Попов,с.р.

16.Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање УП-21-57/1 од 26.01 2022 година, Советот на Општина Делчево на својата 16. седница, одржана на ден 30.11.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за парична помош по барање на Кикбоксинг клубот „АС“ од Делчево**

Член 1

Се одобрува парична помош по барање на **Кикбоксинг клубот „АС“** од Делчево во износ од 10.000 денари.

Средствата ќе бидат наменети за учество на Меѓународен кикбоксинг турнир во Пљевља-Република Црна Гора и на Меѓународниот куп кој ќе се одржи во Ниш.

Член 2

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Делчебо, на име на Кикбосинг клубот „АС“ од Делчево, на трансакциска сметка **200000035985052** Стопанска банка АД Скопје.

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 –2505 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.11.2022 година Претседател,
Делчево Гоце Попов,с.р.